**20211662749**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на членот 57 став 1 алинеја 4 од Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/08, 103/08, 24/11, 80/12, 24/13, 147/13, 41/14, 145/15, 154/15, 30/16 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/20), министерот за образование и наука донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ, СОЗДАВАЊЕ И УСОВРШУВАЊЕ НА НАУЧНО - ИСТРАЖУВАЧКИТЕ КАДРИ

Член 1

Во Правилникот за начинот и постапката за финансирање, создавање и усовршување на научно-истражувачките кадри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/12, 64/13, 98/13, 70/14, 88/14, 74/15, 140/15 и 178/15), во член 3 во ставот 1 во воведната реченица зборовите: „последипломските студии“ се заменуваат со зборовите: „студии од втор циклус“.

Во алинејата 1 зборовите: „три, односно“ се бришат.

Во алинејата 2 по зборовите: „прва година“ запирката и зборовите: „односно ја запишал втората година со освоени најмалку две третини од предвидените кредити по ЕКТС системот“ се бришат.

Во алинејата 4 зборовите: „за прва, односно 28 години за втора година“ се бришат.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Стипендија во траење од една година му се доделува на кандидатот за студии на втор циклус од една академска година .“

Член 2

Во член 7 ставот 2 се менува и гласи:

„Стипендијата за втората година на студиите продолжува доколку кандидатот положил најмалку две третини од предвидените испити од првата година, односно стипендијата за третата година на студиите продолжува доколку на кандидатот му е прифатен докторскиот труд (докторската дисертација).“

Во ставот 3 зборовите: „земјата и“ се бришат.

Член 3

Во членот 8 зборовите: „односно не докторира“ се заменуваат со зборовите: „односно најдоцна до шест години не докторира“.

Член 4

Членот 12 се брише.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-10772/1
19 јули 2021 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
**Мила Царовска**, с.р.